Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 јануари 2020 година, донесе

# ОДЛУКА
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1722 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1722 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- финансиски мерки,
- забрана за влез во Република Северна Македонија

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии- Управа за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2019/1722 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки ќе се применуваат до 16 октомври 2020 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.44-366/1
21 јануари 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски